МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 17 став (4) од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/14, 61/15, 27/16, 35/18, 83/18 и 7/19), министерот за финансии донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЛИВИ НА СРЕДСТВА НА СМЕТКИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на доставување на податоците за приливи на средства на сметки на физички лица.

Член 2

(1) Носителите на платен промет ги доставуваат податоците за приливи на средства на сметки на физички лица резиденти добиени од правни и физички лица и од сметки на нерезиденти-правни и физички лица во Република Македонија на Образец за податоци за приливи на средства на сметки на физички лица кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот за податоци за приливи на средства на сметки на физички лица содржи:

1) Единствен даночен број на носителот на платен промет и идентификатор за носителот на платен промет;

2) Единствен матичен број на граѓанинот-физичко лице резидент примач на средствата (корисник на наплатата);

3) Референтен број на трансакцијата;

4) Назив и седиште ако налогодавачот е правно лице, односно име и презиме и адреса ако налогодавачот е физичко лице;

5) Прилив на средства:

- шифра на земја на налогодавач,
- шифра на основ по кој приливот на средства е прокнижен на сметка на физичкото лице резидент примач на средства (корисник на наплатата),
- опис на основ на прилив искажан од налогодавачот,
- опис на основ по кој приливот на средства е прокнижен на сметка на физичкото лице резидент примач на средства (корисник на наплатата),
- шифра на валута и
- износ на прилив во валута;

6) Датум на книжење на приливот;

7) Период за кој се известува и

8) Име на пратката и вкупен број на податоци во пратката.

Член 3

(1) Идентификатор за носителот на платен промет е водечки број преку кој носителот на платен промет може единствено да се идентификува, согласно Законот за платниот промет.

(2) Референтен број на трансакција е број кој го доделува носителот на платен промет за секој поединечен платен налог, за целите на евидентирање на трансакцијата во системот на носителот на платен промет и Управата за јавни приходи.

(3) Шифра на земја на налогодавачот, шифра на основ и шифра на валута се шифри кои се преземаат од Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство.

(4) Основ на прилив е опис на основот за прилив на средства на сметка на физичко лице резидент примач на средства (корисник на наплатата).

(5) Датум на книжење е денот кога приливот на средства е префрлен на сметка на физичкото лице резидент и истото може да располага со нив.

(6) Период за кој се известува го означува месецот и годината за кој се доставува податокот за приливот на средства на сметка на физичкото лице резидент примач на средства (корисник на наплатата).

(7) Име на пратката и вкупен број на податоци во пратката ги опфаќаат идентификаторот на носителот на платен промет, периодот за кој се известува, редниот број на пратката во периодот за кој известува носителот на платниот промет, како и вкупниот број на записи во пратката (во xml формат).

Член 4

(1) Податоците од член 2 став (2) на овој правилник, се доставуваат електронски до 15 во тековниот месец за претходниот месец на еден од следните начини:

1) преку постоечкиот канал за размена на податоци помеѓу Управата за јавни приходи и носителите на платен промет (SFTP сервер);

2) преку web сервис или

3) преку профилот на носителот на платен промет на системот е-персонален данок и прикачување на xml документ.

(2) Носителот на платен промет избира еден од начините за доставување на податоците наведени во став (1) на овој член.

Член 5

Во периодот од денот на влегувањето во сила на овој правилник до 31.12.2019 година, на начин утврден во член 4 од овој правилник, ќе се доставуваат податоците од член 2 став (2) од овој правилник кои се однесуваат на приливите на девизни средства.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-234/3
31 јануари 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.

ПРИЛОГ

Образец за податоци за приливи на средства на сметки на физички лица

1	НОСИТЕЛ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ Единствен даночен број: Идентификатор за носителот на платен промет:	2	ФИЗИЧКО ЛИЦЕ РЕЗИДЕНТ ПРИМАЧ НА СРЕДСТВА (КОРИСНИК НА НАПЛАТАТА) Единствен матичен број на граѓанинот:
		3	РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИЈАТА
4	НАЛОГОДАВАЧ Назив и седиште за правно лице/Име и презиме и адреса за физичко лице:		
5	ПРИЛИВ НА СРЕДСТВА		

Шифра на земја на налогодавач	Шифра на основ по кој приливот на средства е прокнижен на сметка на физичкото лице резидент примач на средства (корисник на наплатата)	Опис на основ на прилив искажан од налогодавачот	Опис на основ по кој приливот на средства е прокнижен на сметка на физичкото лице резидент примач на средства (корисник на наплатата)	Шифра на валута	Износ на прилив во валута

6	ДАТУМ НА КНИЖЕЊЕ НА ПРИЛИВОТ
7	ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ИЗВЕСТУВА
8	ИМЕ НА ПРАТКАТА И ВКУПЕН БРОЈ НА ПОДАТОЦИ ВО ПРАТКАТА